# СОЦИОЛОШКА ЛАБОРАТОРИЈА

**М-р Денко Скаловски**

## ХУМАНИЗМОТ НЕ Е МРТОВ !?
### или по трагите на една анкета

На крајот на летниот семестар 1995 г. и на крајот на летниот семестар 1996 г., од страна на авторот на овие редови,инаку асистентот по социологија на медицината на Филозофскиот факултет, при Катедрата за хуманистички студии, е извршена кратка анонимна анкета на вкупно 373 студенти од прва година на студии на Медицинскиот факултет и Вишата школа за рентген техничари на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 1995-та се анкетирани 193, а 1996-та се анкетирани 179 студенти. Иако анонимното анкетирање е направено пред полагањето на испитот, резултатите, т.е. одговорите на студентите може да се сметаат со висок степен на валидност, зашто просечниот успех (просечната оценка) на овој испит е повисок од просекот на оценките што студентите го постигнуваат по другите испити во истата студиска година, а е значително повисок и од просекот на оценките на нивното шестгодишно студирање во целина.

Заради потребата од ефикасност и добивање спонтани одговори анкетата беше конципирана како кратка и едноставна (4-5 прашања), со одговори кои се впишуваат со наведувањето на симболот (буквата или бројката) која го означува, или со впишување потврден или одречен одговор.

Примарната цел на анкетата беше да се дојде до првични сознанија за тоа како (и дали воопшто) студентите го прифаќаат наставниот предмет "Социологија на медицината", со оглед на недоразбирањата и контроверзите што настапија на Универзитетот и на некои поедини факултети, откако овој наставен предмет најпосле беше прифатен како "замена" за некогашниот "Основи на марксизмот". Ова дотолку повеќе што од страна на авторот, пред да биде укинат озлогласениот "Марксизам", е извршена слична анкета со слична цел, но со студенти од прва година на Електротехничкиот факултет,

анкета која, наспроти очекувањата за "баучот на марксизмот" - покажа нешто сосема друго.

Имено, како и тогаш, така и овојпат една анонимна анкета докажа дека студентите се често "пред своите наставници" во точната оценка на своите вистински образовни потреби во "духот на времето", и дека старото гесло: "И воспитувачот треба да биде воспитуван"! ни за малку не изгубило од својата актуелност. Напротив!

Втора битна цел на анкетата беше да се слушне мислењето на студентите за структурата на самиот наставен предмет, внатрешниот сооднос на темите и содржините, и што тие би измениле "кога тие би биле прашани". Во таа смисла студентите беа прашани за мислење, односно оценка на работата и на самиот наставнички кадар, односно на асистентот Скаловски, прашање кое, инаку добар дел наставници нерадо, или воопшто не им го поставуваат на своите студенти.

Сметаме дека, иако крајно скромни и првични, овие сознанија се полезни за кадрите што ја изведуваат наставата по ваков вид научни дисциплини, и за отстранувањето на некои заблуди и предрасуди, како во некои кругови на Универзитетот, така и во општеството во целина.

*

* *

*Првото* прашање на анонимната анкета гласеше:

"Наставниот предмет "Социологија на медицината", како интердисциплинарна научна и наставна дисциплина - вградена во наставните планови на сите поголеми светски универзитетски центри - ја докажа оправданоста на својата застапеност и во наставните планови на Медицинскиот факултет во Скопје.

ДА или НЕ"

Од 373 студенти што одговорија на ова прашање, 293 одговорија со "да" или 78%, а со "не" одговорија 80 студенти, односно 22%.

*Второто* прашање на анкетата се однесуваше само за оние студенти кои во претходното (прво) прашање дадоа одречен одговор и тоа гласеше:

"Сметам дека овој наставен предмет нема причина да биде застапен поради:

А - застареноста (анахроноста) на содржините;

Б - несоодветноста на начинот на апсолвирање на содржините;

В - непримерноста на темите и содржините на актуелниот историски момент на социјалната средина во која живеам (нејзиното заостанување зад светските текови и збиднувања на овој план);

Г - тоа што вакви теми воопшто не ме интересираат;

Д - тоа што и онака има премногу испити".

Од 80-те студенти на кои се однесуваше ова прашање, одговорија 77, од кои 57 од нив, или околу 69%, го наведоа одговорот под "Б" (несоодветноста на начинот на апсолвирање на содржините). Во непосредната усна комуникација е утврдено дека тие би се залагале овој испит да биде факултативен, а неговите содржини да се апсолвираат низ трибини и тематски предавања, како и низ други помалку "обврзни" наставни форми. Значи, замерката се однесува повеќе на "начинот" отколку на "содржината", што зборува дека бројот на студентите кои de facto го прифаќаат наставниот предмет се зголемува на над 90%. Останатите 20 студенти, или 31%, ги наведоа одговорите под "А" (6 студенти), под "В" (4 студенти), под "Г" (6 студенти), и под "Д" (7 студенти).

*Третото* прашање на анкетата гласеше:

"Односот на општите и посебни/поединечни теми и содржини во наставниот предмет "Социологија на медицината" (50% на 50%) е:

А - добар;

Б - несоодветен и треба да се помести во полза на:

1. Општи социолошки, антрополошки, филозосски, политиколошки, или други теми од современиот општествено-политички и социјален катаден;

2. Посебни и поединечни теми и прашања од областа на социологијата на медицината, медицинската етика, биоетиката, и сл."

Од 293 студенти на кои се однесуваше ова прашање одговориле 286, од кои 93, или околу 32% одговориле со "А", т.е. дека се за задржување на постојниот однос (50% на 50%) на општите и посебни/поединечни теми во наставната програма на предметот. Останатите 193 студенти, или 68%, "гласале" за "Б", т.е. се залагаат за промена на овој однос, и тоа 26 од нив (14%), се залагаат за "1", т.е. за промена на содржините во полза на општите теми и прашања, а 167 од нив (86%), "гласале" за "2", т.е. за промена на овој однос во полза на посебни теми и прашања.

*Четвртото* прашање на анкетата гласеше:

Овој наставен предмет (испит) треба да биде (да остане) во:

А - првата година на студиите;

Б - втората, односно погорните години на студиите;"

Од 293 студенти на кои се однесуваше ова прашање, одговориле 291, и тоа со "А" одговориле 207, или 73%, т.е. за задржување на испитот во првата година на студиите, а за негово преместување во погорните години, односно за "Б", се залагаат 84 студенти, или 27%.

Најпосле, сакајќи да ја дознае оценката за сопствената работа од страна на нејзините најнепосредни "корисници", авторот, во својата анонимна анкета го постави и последното...

*Петто* прашање на анкетата, кое гласеше:

"Придонесот на соработникот (асистентот) во изведувањето на наставата и проширувањето на знаењата и сознанијата од оваа област го оценувам како:

А - многу добар;

Б - добар;

В - задоволителен;

Г - незадоволителен."

Во однос на одговорите на ова анкетно прашање е индикативно тоа што на него одговориле и оние студенти кои на првото прашање одговориле и со "ДА" и со "НЕ", т.е, на него одговориле и дел од оние кои се "против" наставниот

предмет. Ова се однесува и на претходните прашања (2,3 и 4), кои не се наменети за "противниците" на предметот, а кој, како што се гледа, и кај нив сепак предизвикал одреден интерес.

Оттука, од 373 вкупно анкетирани студенти, на ова прашање одговориле 354 студенти, од кои 292 студенти, или над 80%, асистентот го оцениле со "А" (многу добар). Од останатите 62 студенти, или околу 20%, 52 студенти го оцениле со "Б" (добар), 5 студенти го оцениле со "В" (задоволителен), и 5 студенти го оцениле со "Г" (незадоволителен).

* * *

Иако главната цел на оваа анкета беше утврдување на фактите, а помалку нивното можно толкување, сепак не можеме да одолееме на предизвикот што го даваат исклучително поволните одговори на студентите, поволни во таа смисла што се тие дури и над сите претпоставки и очекувања на самиот анкетар, т.е. во потполност ги даваат оние информации и сознанија кои се од интерес на авторот на анкетата. Оттука, имајќи предвид дека оваа е прва од таков вид во однос на овој наставен предмет[1], авторот на овие редови и на Анкетата, си ја зема таа слобода да извлече неколку првични заклучоци:

*Прво.* Како последица на "падот" на марксизмот и неговото "исфрлање" од универзитетските планови и програми, а во време на крајна релативизација на големите, глобални идеологии на светски план, оваа анкета покажува дека духот на задоцнетиот позитивизам и фах-сциентизам ги нема зафатено свеста и духот на младината, посебно студентската, и дека "хуманизмот" и натаму ќе се јавува како своевиден коректив на духот на прагматизмот, чија, пак, појава е сосема разбирлива кога се знае длабоката криза на системите на вредности и севкупното социјално милје во кое живеат, и кое, оправдано или не, редуцирано го именуваме како "време на транзиција".

Ова без разлика што во непомирливата напнатост меѓу идеологизираното и изворното научно мислење, "хуманизмот"

1. Слична анкета е направена од страна на студентите на Медицинскиот факултет, на крајот на учебната 1995/96 год.

секогаш одново ќе се здобива со нова смисла и значење, во духот на модерните и постмодерните социолошки, философски, политиколошки и низа други трансдискурзивни и интердисциплинарни социјал-еколошки, социјал-антрополошки и социјал-психолошки референцијални точки.

*Второ.* Овие сознанија би требале да ги разуверат сите оние кругови и поединци на одредени факултети кои се уште се сомневаат во целесообразноста и потребата од ваков наставен предмет, како дел од плановите и програмите за образование и воспитание на младиот академски кадар, кој, како што гледаме, и самиот искажува потреба од едновремена висока стручно-специјализирана, но и поширока општо-образовна културна и научна профилираност. Ова дотолку повеќе што неговиот иден егзистенцијален, социјален и интелектуален опстој ќе се одвива со недоволно, или, противречно дефинирани вредносни матрици, а во услови на крајно неизвесни, сложени и исто толку противречни социјални услови. Оттука и си го зедовме правото обработката и кратките првични толкувања на оваа анкета да ги обнасловиме во негативна прашална форма: "*Хуманизмот не е мртов*!?"

*Трето.* Овие сознанија се мошне корисни и за наставниот и асистентскиот кадар што ја изведува наставата по овој наставен предмет, а кој е во постојан напор за осовременување на наставната програма на овој интердисциплинарен студиски курс, и неговото доближување и изедначување со оние од светските универзитетски центри, а од кои се црпат истите теоретски и практични искуства, се разбира, со нужни модификации и прилагодби кон домашните можности и потреби. Во тој дух, сознанијата од оваа анкета, посебно во однос на барањата на поголемиот дел студенти, искажани во прашањето под број 4, а за наголемување на бројот на темите и содржините од посебната област на социологијата на медицината, за сметка на некои поопшти и не толку актуелни и за нив атрактивни содржини - се поклопуваат со моменталните и долгорочните напори на наставниците за програмски измени токму во таа насока.

Поголемиот дел од нив се веќе внесени и се реализираат во тековниот зимски семестар на учебната 1996/97 г.